Fact Sheet

# TÜV NORD CERT – подготовка за EN ISO 45001:2018


**Т-ЦЕРТ СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје**
Representative Office TÜV NORD CERT
Тел. : +389 2 3221 603
Факс: +389 2 3221 603
office@tuv.mk


## Моментална ситуација

Меѓународната организација на трудот во 2014 година објави дека во светски рамки годишно 2,14 милиони работници загинуваат поради несреќи на работното место.

Воведувањето на систем за управување со здравјето и безбедноста при работа треба да и овозможи на една организација да ги надмине ризиците во однос на работата и здравјето и да се подобри статусот на процесите за управување со здравјето и безбедноста при работа како би се спречиле повредите и болестите.

Британскиот стандард BS OHSAS 18001: 2007 заедно со упатсвото за OHSAS 18002 до денес претставува основа за градење и одржување на меѓународно признати системи за управување со безбедноста и здравјето при работа. Структурата на OHSAS 18001 е слично структирирана со другите широко употребувани стандарди за управување со квалитет (ISO 9001) и со животната средина (ISO 14001).

Техничките комитети на Меѓународната организација за стандардизација (ISO) веќе ја имаат објавено ревидираната верзија на ISO 9001 и ISO 14001 стандардите во Септември 2015 година. Новиот меѓународен стандард ISO 45001 за системот за управување со безбедноста и здравјето при работа првично беше предвидено да биде објавен во октомври 2016 година. Во меѓувреме објавување на стандардот беше одложено за Февруари 2018 година и во зависност од потребата за евентуални дополнителни појаснувања во финалниот нацрт (Final draft) на меѓународниот стандард (FDIS) објавувањето може да се одложи за Март 2018 година.

Од средината на 2013 година, ISO 45001 е развиван од страна на Техничкиот комитет на ISO / PC 283 на



Меѓународната организација за стандардизација (ISO), кој треба да го замени британскиот стандард BS OHSAS 18001: 2007.

## Очекувани промени и ефекти во 2018

По објавувањето на ISO 45001, Британскиот стандард BS OHSAS 18001: 2007 најверојатно ќе биде откажан од одговорната структура за стандардот - Британскиот институт за стандардизација (BSI). Објавувањето на ISO 45001: 2018 е издаден Март 2018 година.

Иницијалната драфт верзија на меѓунаордниот стандард ISO 45001 беше објавена во Март 2016 година и беше отфрлен во Јуни 2016 година од страна на земјите-членки на ISO во меѓународната работна група за развој на стандардот. По нова ревизија, втор проект (DIS) на стандардот ISO 45001 беше предмет на дискусија на релевантниот комитет до Мај 2017 година. Објавувањето на конечната и обврзувачка верзија на ISO 45001 е издадена во Март 2018 година.

## Хронологија

| 2013 | 2014/2015 | 2016/2017 | Планирано за октомври/ ноември 2017 или март 2018 |
| --- | --- | --- | --- |
| **DEC 2013 WD** (Работен проект) | **July 2014, 1st CD** (Committee Draft) **Feb. 2015, 2nd CD** (Committee Draft) | March 2016 1st DIS **(Проект на меѓународниот стандард) Со дополнување** July 2017 2nd DIS **(Проект на меѓународниот стандард)** FDIS Nov. 2017/optional **Конечна драфт верзија на меѓународниот стандард** | **Публикување на меѓународниот стандард** |

За ISO 45001 да послужи како основа за сертификација, Меѓународната организација за стандардизација (ISO) подготвува дополнителни барања. За некои поединечни аспекти, неколку насоки веќе се достапни во нацрт верзијата на стандардот:

- Сертификатите издадени во согласност со BS OHSAS 18001: 2007 стануваат неважечки 3 години по објавувањето на ISO 45001: 2018
- Истекувањето на валидноста на постоечките сертификации според BS OHSAS 18001: 2007 се очекува да биде на крајот на 3-годишниот период на транзиција
- Во однос на времето за аудит, потребно за транзиција на веќе постоечките сертификации на BS OHSAS 18001: 2007 кон новиот ISO 45001 - сеуште не е разјаснето .
-

Целта е за веќе сертифицирани претпријатија да се обезбеди лесна сертификација по новата верзија на стандардот.

| Десетте главни клаузули од ISO 45001: 2018 | |
|---|---|
| **1** | Област на примена |
| **2** | Регулаторни референци |
| **3** | Термини и дефиниции |
| **4** | Организациски контекст |
| **5** | Лидерство и ангажирање на вработените |
| **6** | Планирање |
| **7** | Одржување |
| **8** | Активности |
| **9** | Оценување на перформансите |
| **10** | Подобрување |

Приодот при преминот кон ISO 45001 подлежи на координација и дефинирање од страна на Меѓународната организација за стандардизација (ISO), Британскиот институт за стандардизација (BSI) и Меѓународен форум за акредитација (IAF), како и на национално ниво во Германија - од Германската служба за акредитација (DAkkS) .

Од моментот кога IAF ќе го определи новиот стандард ISO 45001 како основа за сертификација, сертифицираните компании согласно BS OHSAS 18001: 2007 треба да ги прилагодат своите системи за управување со безбедноста и здравјето при работа во согласност со стандардот ISO 45001: 2018.

Кај веќе сертифицирани компании според BS OHSAS 18001: 2007 се јавуваат следниве прашања:
- Кои промени може да се очекуваат со новиот стандард ISO 45001
- Кои барања треба да се исполнат при транзиција кон ISO 45001

## Структура на ISO 45001: 2018

**Структура на високо ниво**

Веќе е познато дека ISO 45001 мора да ја следи таканаречената “Структура на високо ниво”:
- Идентична структура за сите системи за управување
- Унифицирана примена на контекст и концепти
- Подобро разбирање на стандардите
- Поефикасна имплементација на интегрираните системи за управување

## Промени на содржината

Втората драфт верзија на (DIS ISO 45001: 2016-03) дава сигурна индикација во однос на содржината на конечниот стандард. Иако може да има и други промени во содржината во објавувањето на финалната верзија на стандардот на ISO 45001, DIS ISO 45001: 2016-03 содржи преглед на промени кои можат да влијаат врз компаниите.

Засега е сигурно дека новиот ISO 45001, како и BS OHSAS 18001: 2007, и во иднина ќе се базира на моделот “Планирање - Имплементација - Проверка - Акција”.

Врз основа на новите правила на Меѓународната организација за стандардизација (ISO) за развој на меѓународни стандарди за системи за управување, силен акцент се става на контекстот на организацијата.

Втората промена се очекува да е поврзана со големата улога на повисокото раководство. Здравствената заштита и заштитата при работата мора да станат клучна цел на целокупниот систем за управување, кој бара силна посветеност од повисокото раководство.

Друга нова точка ќе биде условот дека организацијата ги користи можностите за подобрување на безбедноста на работното место преку идентификување на нејзините специфични процеси и јасно дефинирање на тоа.

Интеграцијата на Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа во целокупниот “ISO” систем за управување на претпријатието се ублажува од фактот дека новиот ISO 45001 има истата структура како објавените во 2015 година стандарди ISO 9001: 2015 и ISO 14001: 2015.

## Детално разгледување на поединечни клаузули

Очекувани значајни промени во секој дел од стандардот се како што следува:

**Контекст на организацијата**
Организациите мора да ги идентификуваат сите надворешни и внатрешни аспекти кои влијаат на системот за безбедност и здравје при работа.

Ова може да значи дека претпријатието треба да ги земе во предвид потребите на своите вработени и работните услови во целиот синџир на додадена вредност. Бидејќи ризиците при работа не е дозволено да се спроведуваат надвор од претпријатието, тогаш условите на работа за работата на територијата на претпријатието од страна на кооперанти и добавувачи треба да бидат строго проценети.

**Лидерство и ангажирање**
Барањата за ангажирање и одговорност на раководството на ентитетот се проширени. Повисокото раководство треба да докажува одговорноста и посветеноста кон Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа, наместо да делегира одговорности треба да интегрира повеќе одговорност во процесите во однос на обезбедувањето на безбедноста и здравјето при работа.

**Учество и консултации**
Организацијата треба да обезбеди предуслови за учество и консултации на вработените и колку што е потребно и свои претставници при донесување одлуки во рамките на Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа.

**Можности засновани на заштита на здравјето и безбедноста при работа**
Во иднина, Организациите ќе воведуваат процеси за идентификување на можностите за подобрување на безбедноста и здравјето при работа.
Можностите вклучуваат:

- Промени во организацијата
- Елиминирање на ризиците за здравје и безбедност при работа на работното место
- Прилагодување на условите за работа на барањата на вработените

## Крајниот резултат за корисниците на ISO 45001

Новите аспекти, како што се контекст на организацијата и изменети акценти во различни аспекти, одговорност на раководството, идентификување на можности за подобрување на безбедноста и здравјето на работното место денес се дел од секојдневниот живот за многу организации . Во иднина тие ќе бидат барања на еден глобален стандард, применлив за сите претпријатија . Многу корисници на постојниот стандард BS OHSAS 18001: 2007 не треба да бидат загрижени за транзицијата кон ISO 45001:2018.
Без понатамошни напори, нема да биде можно да се воведат новите барања. Но, напорите ќе бидат оправдани. Идните насоки на ISO 45001 во однос на успешниот и траен економски развој на претпријатието се позитивен предизвик за корисниците на новиот стандард.

**Т-ЦЕРТ СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје**
**Representative Office TÜV NORD CERT**
Тел. : +389 2 3221 603
Факс: +389 2 3221 603
office@tuv.mk